Средното општинско училиште „ Наум Наумовски- Борче“ се наоѓа во непосредна близина на месноста Гумење и Спомен куќата на Тоше Проески. Зградата се состои од 2 спрата и е опкружена со голема дворна површина уредена со зеленило.



Слоганот кој го карактеризира училиштето „ Поинакви од другите“ означува дека во училиштето се застапени 2 вида на образование: Гимназиско и Угостителско Туристичко. Во гимназиското образование застапени се Општествено- хуманистичко и Природно математичко подрачје, додека во угостителската струка застапени се профилите Готвач и Келнер- тригодишно образование и Хотелско туристички техничар- четиригодишно образование. Наставата во училиштето е теоретска и практична и се изведува во една смена која започнува во 07:30 часот.



На самиот влез во училиштето е сместена Рецепција наменета за практичниот дел од наставата на  струката Хотелско туристички техничар.



Училиштето има вкупно 15 училници опремени со компјутер за секое дете, интернет, помеѓу кои се и кабинетите по биологија, хемија, физика, историја, географија, странски јазици опремени со наставни помагала за соодветните предмети.



Практичниот дел од наставата за струките Келнер и Готвач се изведува во современо опремените Кујна и Ресторан кои се наоѓаат во рамките на самото училиште.Тука учениците еден ден во неделата согласно со наставната програма ја изведуваат својата пракса.





За потребите на предметот Спорт и спортски активности, Општината ја има отстапено на училиштето спортската сала која се наоѓа на 10 метри од училиштето. Тука учениците  се рекреираат и ги остваруваат припремите за Државните спортски ученички натпревари.


ИЗВ
КОЖУВЧА